Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца Детска градинка
ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА-МАРА
Бр. 04-156/5
08.07 2025 год.
Битола

Врз основа на член 44 и член 45 од Законот за административни службеници (*Сл. весник на РМ, бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 11/18, 4/19 и 23/19 и Сл. весник на РСМ бр.14/20,215/21,99/22,208/24 и 210/24)*, а во врска со објавениот оглас за вработување 382/2025 и Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.10-875/12 од 07.07.2025 година, ВД Директорот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Естреја Овадија Мара“-Битола на ден 08.07.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за избор на 1 (еден) извршител административен службеник за работното место Самостоен референт - Материјален книговодител**

1. За извршител на работно место со шифра ДЕЗ 01 02 Г01 006 **Самостоен референт Материјален книговодител** (вршител на административни работи) Административен оддел, Административно помошно техничка служба во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ - Битола се избира кандидатот:

 - **Димитар Јошевски**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе и посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 29.05.2025 година, Агенцијата за Администрација објави Јавен оглас бр.382/2025 во дневните весници „Нова Македонија“„Слободен печат“ и „Коха“, за вработување на 1(еден) извршител на неопределено време на работното место со шифра ДЕЗ 01 02 Г01 006 **Самостоен референт Материјален книговодител** (вршител на административни работи) Административен оддел, Административно помошно техничка служба во ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ - Битола .

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација со арх. бр. 10-875/5 од 17.06.2025 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас архивски бр. 10-875/7 од 19.06.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас архивски бр. 10-875/10 од 04.07.2025 година во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на

работите од точка 1 на оваа Одлука, на ден 19.06.2025 година спроведе постапка за административна селекција и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-875/8 од 19.06.2025 година. На ден 03.07.2025 година се спроведе испит за пријавените кандидати за што Комисијата состави Записник од спроведениот испит 10-875/9 од 03.07.2025 година и на ден 07.07.2025 година се спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за наведеното место за што Комисијата состави Записник од спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник бр.10-875/11 од 07.07.2025 година.

По спроведената постапка на проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто, за наведеното работно место како и извршеното бодување, Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и донесе Предлог за вработување на каднидати за работното место ДЕЗ 01 02 Г01 006 Самостоен референт - Материјален книговодител (вршител на административни работи) со арх.бр.10-875/12 од 07.07.2025 година

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, ВД Директорот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" - Битола изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** *Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.*

*Доставено до:*

*-Кандидатот*
*-Архива*
*-Агенција за администрација*

**ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара"-Битола**

**ВД Директор**
**Весна Лозановска**